Република Македонија
Јавна установа Меѓуопштински
центар за социјална работа
Бр. 0401-1557/7
21.12.2018 год.
Велес

Врз основа на член 2 став 2 и 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/14 ,199/14, 27/16 и 35/18) и член 105 став 6 и член 110-е од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Македонија бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/17 и 51/18) и член 3 од Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-751/2 од 29.06.2015 год. и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУМЦСР Велес број 02-393/4 од 30.03.2018 година, Директорот на установата донесува:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување на давател на јавна услуга

1.За извршител на работното место под реден број на работното место 29 шифра на работното место **СО30303А06004** назив на работното место Педагог, звање на работното место Стручен службеник од шесто ниво (еден извршител) во Служба за услуги од социјална заштита се избира Маре Амбаркова.

2.Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа одлука по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката.

3 Кандидатите Даниела Стојанова Зафирова и Елена Костова пријавени по пат на јавен оглас објавен во дневните весници ,,Нова Македонија,, и ,,Лајм,, и на веб страната на установата не се избрани за засновање работен однос на неопределено време на работно место Педагог - стручен службеник од шесто ниво во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на веб страната и на огласна табла на установата.

## Образложение

Врз основа на утврдената потреба со Одлука бр.04-1557/1 од 12.12.2018 година за пополнување на слободно работно место со вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, а по претходно обезбедени финансиски средства од страна на Министерството за финансии преку Министерството за труд и социјална политика бр.04-564/1 од 29.06.2018 година, ЈУМ Центар за социјална работа-Велес објави јавен оглас бр.08/2018 објавен на 13.12.2018 година за вработување на еден извршител на работно место под реден број на работното место 29, шифра на работното место место **СО30303А06004** назив на работното место Педагог, звање на работното место Стручен службеник од шесто ниво во Служба за услуги од социјална заштита.

Во врска со јавниот оглас бр.08/2018 објавен на веб страната на установата и во дневните весници ,,Нова Македонија,, и ,,Лајм,, за пополнување на работното место преку постапка за вработување по јавен оглас, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Одлука бр.04-1557/1 од 12.12.2018 година, на ден 21.12.2018 година спроведе постапка за веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место. По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и интервјуто, Комисијата изготви Ранг листа на кандидати пријавени по јавен оглас бр.08/2018, број на ранг листа 04-1557/6 од 21.12.2018 год.

Врз основа на тоа, се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка во работен однос од втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето и одлуката за избор на кандидат.

Доставено до
Именуваниот
Оддел за административни работи
архива

ДИРЕКТОР
Азиза Цини